*Кочани, 30.08.2023*

**ЈАВЕН ПОВИК**

ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА 10 ЖЕНИ ОД ОПШТИНА КОЧАНИ КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ АВТЕНТИЧНИ И СПЕЦИФИЧНИ ПРОИЗВОДИ ИЛИ ХРАНА

Здружението за екологија и заштита на животната средина „Еко Тим Исток“, Кочани, во рамки на проектот „Запознај ги убавините на општина Кочани“ објавува **Јавен повик за пријавување на 10 жени од општина Кочани кои произведуваат автентични и специфични производи или храна.**
Пријавените ќе бидат дел од **четири** обуки наменети за јакнење на капацитетите, одржлив економски развој, и креирање на сопствен бизнис, а ќе добијат можност и за менторство при изработка на бизнис план.
Изберените кандидати ќе учествуваат на неколку промотивни настани во рамки на проектот, а ќе бидат дел и од конкретни туристички понуди за рурален и алтернативен туризам кои во иднина ќе се реализираат во општина Кочани.
Обуките ќе бидат реализирани од страна на партнер организацијата во проектот – „Здружение на бизнис жени“ – Скопје.
Учеството на сите обуки и активности е бесплатно.

Сите заинтересирани, да се пријават на маил ekotim_istok@yahoo.com или кај координаторот на проектот Ирена Мирчовска, на тел. 071 272 024, најдоцна до 06.09.2023 година.

Funded by the European Union

*Проектот „Запознај ги убавините на општина Кочани“ на Здружението „Еко Тим Исток“ се спроведува во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 – ReLOaD2, која е финансирана од Европската унија (ЕУ), а ја имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Проектот „Запознај ги убавините на општина Кочани“ е кофинансиран од Општина Кочани.*